20262524589

АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25, 132/26 и 212/26) и во согласност со член 15 став 1 алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 13-та по ред седница за 2026 година, одржана на ден 22.10.2026 година, го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правилникот за постапување со одземен имот бр.01-3463/1 од 16 јули 2026 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/26) и тоа во членот 6 зборовите: „Раководител на Секторот за оперативно работење на“, се заменуваат со зборовите: „Сектор за преземање, евиденција и чување на одземениот и конфискуваниот имот и Сектор за управување и продажба на одземен и конфискуван имот“.

Член 2

Во членот 9 зборовите:„член 9“, се заменуваат со зборовите:„член 8 од овој Правилник“.

Член 3

Во членот 10 по бројот: „132/26“, се додава:„и 212/26“.

Член 4

Во членот 20 по зборот: „постапка“, се додава знакот:„*“.

Член 5

Во членот 46 по бројот: „132/26“, се додава:„и 212/26“.

Член 6

Во членот:24 во ставот: 5, по зборот: „Правилник“, зборовите: „за продажба на одземени предмети“, се бришат.

Член 7

Во текстот на овој Правилник секаде каде стои: „АУОИ“, треба да стои: „Агенцијата“.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата.

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
Станко Китаноски, с.р.

Бр. 01-5183/1
22 октомври 2026 година
Скопје